Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПУ бр. 25 / 21
20.12. 2021 година
Кратово

( Образец ПП……)

**До:** **Основен Суд Кратово, ул. "Јосиф Даскалов", бб**

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Imателот ја барам следната информација од јавен карактер:___**во прилог**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) **друго** ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Кратово 20 12 202_ година .** ________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ.бр. 25 / 21
20.12. 2021 година
Кратово

Во врска со **Јавен Оглас бр.4-21** за 1 работно место прекршочно одделение

1. На кој датум е објавен огласот,согласно член **23 ст.7** од законот за работни односи,односно датумот на последното објавување во средствата за јавно информирање,поточно датумот на објавување на вашето електронско средство за јавно информирање согласно **член 22 ст.1** од истиот закон.

2. Дали ковертите на апликантите ги отворивте и разгледувавте на вториот тековен ден од објавување на јавниот оглас,на 16 12 2021 г.односно еден ден порано од времетраењето на огласот.

3. Колку дена траеше пријавувањето на веке распишаниот јавен оглас бр.4-21

4. Дали е прекршен членот **23 ст.1** од законот за работни односи,каде децидно е наведено дека рокот за пријавување не смее да биде пократок од 5 дена.

5. Од колку члена е составена комисијата за избор на подобен кандидат,кои се тие и каков степен на образование и стручност поседуваат.

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.25/21-2
24.12.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер по електронска пошта на ден 20.12.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно чл.20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се постапи по истото и по извршената проверка ви ги доставуваме следните информации:

1. Јавниот оглас бр.4/21 на Основен суд Кратово е објавен на ден 11.12.2021 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ за вработување на 1-еден извршител на работно место Самостоен судски референт – Водител на писарница во прекршочно одделение во Основен суд Кратово, на определено време до 31.12.2021 година. На веб страницата на судот огласот е објавен поради транспарентност, а судот нема законска обврска огласот да го објавува на веб страната и од објавувањето на веб страната не се сметаат никакви рокови во врска со огласот.

2. Пријавите на кандидатите доставени во затворени коверти се отворени и разгледани по истекот на рокот за пријавување односно на 16.12.2021 година.

3. Рокот за пријавување на предметниот оглас беше наведен во самиот јавен оглас и истиот траеше 3 работни дена.

4. Согласно чл.23 ст.1 ал.6, Кога работодавачот вработува работници по пат на јавен оглас, должен е во јавниот оглас да наведе: рокот за пријавување, кој не смее да биде пократок од три работни дена

5. Комисија за административна селекција за вработување е составен од 3 члена-судски службеници вработени во судот согласно Законот за судска служба и членовите се именувани согласно нивните звања на работните места на кои се вработени во Основен суд Кратово, а не според образование и стручност на истите.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово